# александар шакиќ

22. I. — 4. II. '85





АЛЕКСАНДАР Б. ШАКИЌ,[*] академски вајар, завршил Академија за ликовна уметност - вајарски отсек 1948 година во Белград.

Во Ниш живее од 1950 година.

Адреса: 18000 Ниш, Булевар Ленина 2/15

Телефон: 018/44571

## ДОБРОДУШНИТЕ ДЕМОНИ НА АЛЕКСАНДАР ШАКИЌ

Нашиот уметник Александар Б. Шакиќ, по втор пат кај нас, се претставува со самостојна изложба на цртежи и скулптури. Тоа е неговиот познат циклус инспириран од „Ѓаволскиот град", место кај Куршумлија, како и цртежи од циклусот „Ода на Ренесансата" што на некој начин зборува за неговите тематски интересирања и преокупации.

Шакиќ поаѓа од природата, непосредното доживување и препознатливиот визуелен податок, кој е задржан во основните контури и трансформиран во претстави со призвук на фантастичност.

Не е тешко во пластичниот пандемониум на Шакиќ да се препознаат формите и структурата на стрмните карпи од клисурата на „Ѓаволскиот град", место обвиено со таинствата на народните преданија, верување и легенди. Оттука, низ призмата на уметниковата имагинација се спојуваат „реалната" со креирана фантастика.

Шакиќ се соживува со мотивот, од кои ги зема неговите „природни" својства кој низ процесот на постепена деформација се претвора во скаменет антропоиден свет на гротескни суштества. Низ монументализираните форми на грдото, со белези на човекѓавол, провејува пластична евокација на „прилагоден" словенски мит во кој доброто преовладува над лошото. Шакиќ всушност создава галерија на соблазнителни вертикални фигури-портрети поставени во необични соодноси на скаменето процесуално движење во кои органското се преточува во минерална структура.

Овој необичен свет на Шакиќ, по форма и содржина, може да се поврзе со извесен експресионизам, фантастика па и класичност, по строгиот урамнотежен распоред на елементите, но најмногу со примитивното и архаичното во уметноста.

Скулптуралните претстави на овие потсмевливи пародични демони, иако наративни на симболичен начин, со густо, во строги темни светли односи структуриран цртеж, го сугерираат „реално" фантастичното изнедрено од каменестите мотиви обликувани од природните сили на водата и ветерот. Тоа е уште повоочливо во малата скулптура работена во прастариот материјал-коската, со што се потенцираат архаичните содржини. Всушност, цртежите и скулптурата се надополнуваат и произлегуваат еден од друг така што сосема природно тродимензионалната сугестија во цртежот се транспонира во реален тродимензионален облик. Шакиќ мошне вешто ги користи природните форми и белези на коската во креирањето необични стилизирани ликови-идоли, асоцијативни но и детализирани форми чии површини се доведени до степен на драгоцена полираност и сведеност.

Владимир Величковски

---

### ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

Београд, Загреб, Винковци, Осијек, Славонски брод, Нашице, Суботица, Краљево, Крагујевац, Крушевац, Лесковац, Алексинац, Нови Сад, Приштина, Скопје, Ниш, Тузла, и така натаму.

### САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

1954 Ниш, 1956 Ниш, 1958 Врање, 1962 Ниш, 1965, Ниш, 1979 Охрид, 1979 Ниш, 1980 Београд, 1980 Ниш, 1981 Винковци, 1982 Ниш, 1982 Париз, 1983 Ниш, 1984 Њујорк

### МУЗЕЈИ:

Београд, Цетиње, Ниш, Прокупље, Бања Лука

### СПОМЕНИЦИ Н. О. Б-и:

Алексинац, Ајдановац, Јелашница, Сврљиг, Дедина Крушевац, Прокупље, Тасковочи, Житораѓа, Мали Јастребац, Лесковац, Равна Дубрава, Гаџин-Хан, Доњи Душник, Доњи Љубеш, Ниш: На вторатa пролетерска авијација на Коле Рашиќ, Џука Диниќ, Филип Кљаиќ, Едвард Кардељ, Горно Кусце, Пасјане Гњилане: Трајко Периќ, Енвер Моли, Абаз Ајети, На Братството и Единството,

### ДЕЛА ВО ДРУШТВЕНА И ПРИВАТНА СВОИНА:

Ниш, Лесковац, Београд, Загреб, Врање, Краљево, Крушевац, Љубљана, Софија, Потсдам, Братислава, Минхен, Париз, Букурешт, Алжир, Токио, Осака, Варшава, Флорида, Њујорк.



## ЦРТЕЖИ:
## ОД ЦИКЛУСОТ „ЏАВОЛСКА ВАРОШ“

| | |
|---|---|
| 1. Посмртна игра, | 29 1/2 x 19 |
| 2. Оро | „ |
| 3. Дефиле | „ |
| 4. Збег | „ |
| 5. Доручек | „ |
| 6. Ветрови | 70 x 50 |
| 7. Месечари | 45 x 40 |
| 8. Свршеници | 70 x 50 |
| 9. Орфеј | „ |
| 10. Поклонување | „ |
| 11. Козер | „ |
| 12. Дискусија | „ |
| 13. Забавувач | „ |
| 14. Завера | „ |
| 15. Публика I | 50 x 40 |
| 16. Три другари | 70 x 50 |
| 17. Прогон | „ |
| 18 Заклетва | „ |
| 19. Другари | „ |
| 20. Раскажувач | „ |
| 21. Публика II | 50 x 40 |
| 22. Навијачи | 70 x 50 |
| 23. Носење дарови | „ |
| 24. Стражари | „ |
| 25. Гладијатори | „ |
| 26. Закон | „ |
| 27. Шетачи | „ |
| 28. На стража | „ |

## ОД ЦИКЛУСОТ „ОДА РЕНЕСАНСА“

| | |
|---|---|
| 29. Сеќавање на Боса | 45 x 30 |
| 30. Сеќавање на Рафаел | 70 x 50 |
| 31. Сеќавање на Дирер | „ |
| 32. Сеќавање на Рембрант | 50 x 40 |
| 33. Сеќавање на Ројсадал | 70 x 50 |

## СКУЛПТУРИ

34. Невеста
35. Женик
36. Поп
37. Сватови
38. Три убавици
39. Сатир
40. Дуел
41. Овни
42. Ембрион-близнаци
43. Расправија

Организатор:
Центар за култура и информации - Скопје
Тираж: 400 примероци
Печат: „Стопански весник" — Скопје

